ЕКОНОМИЈА НА ТУТУНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

БЕЛЕШКА ЗА ПОЛИТИКА





Јануари 2023

ЕКОНОМИЈА НА ТУТУНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

БЕЛЕШКА ЗА ПОЛИТИКА

КЛУЧНИ ПОРАКИ

- **Спротивно на тврдењата на владата дека тутунот е стратешка култура која им обезбедува висок профит на тутунарите, одгледувањето на тутун не е толку профитабилно како што се сугерира.**
- **Доходот на тутунарите значително се намалува кога се земаат во предвид опортунитетните трошоци (како што е неплатениот семеен труд). Така, домаќинствата погрешно ја распределуваат оскудната работна сила на помалку продуктивни економски потфати.**
- **Долгата традиција на одгледување на тутун во земјата, напредната возраст на повеќето тутунари и недостигот на информации за алтернативни култури задржува многу земјоделци во одгледувањето на тутун.**
- **Поранешните тутунари и земјоделците кои никогаш не одгледувале тутун во просек живеат економски подобро од сегашните тутунари.**
- **Владата на Северна Македонија треба да развие стратегии засновани на докази за да им помогне на тутунарите да се преориентираат кон алтернативни култури и други попрофитабилни занимања.**

ИСТОРИЈАТ

Производството на тутун е во опаѓање во Северна Македонија. Тренд на намалување има во површината на обработена земја со тутун (намалување на хектари) и намалување на бројот на склучени договори со откупувачите на тутун. Се намалува и бројот на тутунари: во 2020 година бројот на тутунари бил 19.702, што е помалку од половина од бројот во 2010 година (42.622). Повеќето тутунари се оженети, средовечни мажи со основно или средно образование. Околу две третини од главите на домаќинствата кои одгледуваат тутун во Северна Македонија се на возраст од 45 години или постари[1], додека просечната возраст на целокупното население во земјата е 40,1 години, според пописот од 2021 година.

Сегашен тутунар:

"Живееме само од приходите од тутун. За два тона тутун ќе имаме приход од 5.000 евра, додека вкупниот трошок ќе биде 3.000 евра. Ни остануваат уште 2.000 евра за да ја поминеме годината".

Повеќето производители на тутун финансиски се мачат, живеат со просечен месечен доход под просечната нето-месечна плата и под вредноста на минималната потрошувачка кошница на домаќинствата.

Одгледувањето на тутунов лист зафаќа околу 3,2 проценти од вкупното обработливо земјиште во Северна Македонија [2]. Северна Македонија е втор најголем производител на ориентален тутун по Турција[3]. Во 2021 година, вкупното производство на тутун изнесувало 24.329 тони од 15.457 хектари

1 Стратегија за производство на тутун 2021-2027 година

2 Христовска Мијовиќ, Б., Спасова Мијовиќ, Т., Трпкова-Несторовска, М., Ташевска, Б., Треновски, Б. и Кожески К., (2022).

3 Четирите главни производители на тутун од ориентален тип се Турција, Северна Македонија, Грција и Бугарија, каде природните и климатските услови се погодни за оваа култура.

земјиште, со просечен принос по хектар од 1.574 килограми. Производството на тутун е главно застапено во Пелагонискиот и Југоисточниот регион, кои заедно претставуваат 87,9 проценти од вкупното производство на тутун во 2021 година. Пелагонија е најголемиот регион за производство на тутун, со речиси половина од вкупната површина за одгледување на тутунов лист во земјата. Речиси сите производители на тутун одгледуваат тутунов лист сорта Прилеп - 95 проценти од производството во 2019 година - по што следи Јака, на која отпаѓаат преостанатите пет проценти.

Повеќе од 90 проценти од тутунот се извезува, а останатите 10 проценти се користат во домашното производство на цигари. Извозот на тутун неколкукратно го надминува увозот во Северна Македонија.[4] Според последните податоци, тутунската индустрија сочинува четири проценти од вкупната индустрија во земјава, а бројот на вработени во производството на тутунски производи во 2019 година изнесуваше 3.489, што претставува значително намалување во однос на 2000 година (6.095). ***Северна Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција за контрола на тутунот (FCTC) во 2006 година***, која воведе законска обврска за намалување на производството и потрошувачката на тутун, како и да им помогне на оние кои се вработени во тутунскиот сектор да најдат алтернативни остварливи средства за живот.[5] Процесот на интеграција во ЕУ ќе бара намалување на субвенциите специфични за културите, што веројатно ќе доведе до помал приход за тутунарите и евентуално намалување на ожнеана површина. Владата усвои нова Стратегија за производство на тутун (2021–2027) во 2020 година[6] која вклучува акциски план со краткорочен период (2021–2024) во кој е предвидена индиректна поддршка за тутунарите, но подготовки ќе се направат со едукација и советување за идна промена кон други култури.



4 SSO База на податоци

5 Закон за ратификација на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација Службен весник на Република Македонија бр. 68, 2006 г

6 СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2027 ГОДИНА СО АКЦИСКИ ПЛАН, Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/2021 од 08.02.2021 г

ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Методологија

Одгледувањето на тутун традиционално е поддржано од Владата на Република Северна Македонија. Сепак, нема доволно истражувања за економската егзистенција на тутунарите. **За да се пополни оваа празнина и да се обезбедат резултати за поддршка на политики и донесување на одлуки засновани на докази, спроведено е истражување со национално репрезентативен примерок.**


Истражувањето опфаќа 806 земјоделски домаќинства од 14 општини (урбани и рурални) во водечките региони за производство на тутун во Северна Македонија. Целните групи (категории на испитаници) за истражувањето се следните:

1. Одгледувач на тутун (испитаникот е земјоделец кој одгледувал тутун во 2021 година);
2. Поранешен одгледувач на тутун (испитаникот е земјоделец кој одгледувал тутун во било која година пред 2021 година и сега одгледува друга земјоделска култура); и
3. Земјоделец кој никогаш не одгледувал тутун (испитаникот е земјоделец кој одгледува било која земјоделска култура различна од тутун и никогаш претходно не одгледувал тутун).

Резултати од истражувањето

- **Околу половина од тутунарите не остваруваат реална добивка. Додека повеќето тутунари веруваат дека постигнуваат позитивна „перцепирана“ добивка (со исклучок на вредноста на трудот во домаќинството), при што само неколку домаќинства забележуваат негативна добивка, всушност околу половина од домаќинствата постигнале негативна „реална“ добивка.**
- **Повеќето земјоделци се мачат финансиски, живеат со просечен месечен доход под просечната нето-месечна плата и под вредноста на минималната потрошувачка кошница на домаќинствата.** Просечната месечна исплатена нето-плата во јуни 2021 година во Северна Македонија изнесуваше 28.744 денари (469 УСД), додека во секторот земјоделство, шумарство и рибарство 23.117 денари (377 УСД).
- **Пензиите и дознаките се едни од најважните компоненти за одржување на соодветно ниво на доход и животен стандард на семејствата на тутунарите.** Многу земјоделски домаќинства во голема мера се потпираат на пензиите како дополнителен доход.

Слика 1. Удел на секој доход во категоријата „Други доходи“, по вид на земјоделец



- **Иако поминуваат најмногу од времето на поле, сегашните тутунари имаат повисока инциденца на сиромаштија во споредба со поранешните тутунари и оние кои никогаш не одгледувале тутун.** Земајќи го во предвид доходот по глава на жител на домаќинство, стапката на сиромаштија кај тутунарите драматично скока на 22,6 проценти (врз основа на меѓународната стапка на сиромаштија од 1,90 УСД на ден по лице) и на 30,6 проценти (пресметано со националната стапка на сиромаштија од 3.842,75 УСД годишен доход за четиричлено домаќинство). Во меѓувреме, стапката на сиромаштија за поранешните тутунари и оние кои никогаш не одгледувале тутун е 10,81 проценти и 12,84 проценти, соодветно (врз основа на меѓународната стапка на сиромаштија од 1,90 УСД на ден по лице).

- **Во споредба со поранешните тутунари или оние кои никогаш не одгледувале тутун, просечниот сегашен тутунар посветува повеќе време на одгледување на културата.** Просечниот машки земјоделец работел 1400 часа на одгледување тутун, додека просечниот машки поранешен тутунар и оној кој никогаш не одгледувал тутун, работеле 1000 часа и 1260 часа, соодветно. И просечните мажи и просечните жени тутунари посветуваат 640 часа на други култури, како дополнување на часовите потрошени за одгледување на тутун.

- **Децата на тутунарите се повеќе вклучени во одгледувањето на културата во однос на децата на другите земјоделци.** Детската помош во бербата на тутунот е 2,3 пати почеста во споредба со помошта на децата во бербата на други култури; сепак, ниту еден земјоделец не пријавил дека вработува деца за да помогаат во одгледување на тутун и се чини дека децата не се вклучени во потенцијално штетни активности поврзани со примена на пестициди/хербициди. Иако помагањето на децата не е нужно штетно, пропуштањето на училиштето е штетно за нивното образование и развој.

- **Во споредба со другите земјоделски активности, одгледувањето на тутун вообичаено бара значително повеќе пестициди.** Пестицидите се поврзани со постојаните здравствени предизвици за земјоделците и ја оштетуваат животната средина преку контаминација на подземните води и сливови.

- **Тутунарите покажуваат знаци на тутунска зелена болест, форма на акутно труење со никотин.** Жените кои се дел од процесот на одгледување тутун се чини дека имаат поголема веројатност да покажат симптоми на оваа болест отколку мажите.

- **Сегашните тутунари имаат поголема веројатност да изнајмуваат земјоделско земјиште во споредба со поранешните тутунари и оние кои никогаш не одгледувале тутун.** Во истражувањето, 22,2 проценти од сегашните тутунари и 13,7 проценти од поранешните тутунари изјавиле дека изнајмуваат земјиште од други.

- **Огромно мнозинство на земјоделци изјавиле дека имаат договор со откупувач на тутунов лист.** Резултатите од истражувањето покажуваат дека речиси сите тутунари (94 проценти) во сите поголеми региони каде се одгледува тутун, имаат потпишано договори со откупувачи на тутунов лист. Договорите им обезбедуваат инпути на земјоделците на почетокот на сезоната кои тие ги плаќаат кога ќе ги продадат листовите на откупувачот, по цена на купувачот, на крајот на сезоната. Земјоделецот може да продава само во рамките на склучениот договор. Повеќе од половина (57 проценти) од тутунарите велат дека се задоволни од склучениот договор за откуп на тутун, додека 36 проценти истакнуваат дека не се задоволни. Дополнително, околу половина (49 проценти) од тутунарите изразија незадоволство од проценката на класата на нивниот тутун.

- **Конечната цена на тутуновиот лист не зависи само од видот на тутунов лист туку и од класата (или квалитетот).** Класата и видот на тутунот се определуваат според мерките и методите што ги донесува Министерството за земјоделие за квалитативна и квантитативна проценка на тутунот. Доминантен вид на тутунов лист е сортата Прилеп 66 во сите региони, одгледувана од 98,7 проценти од испитаниците[7]. Сортата Прилеп 66 од I класа се продава по највисока просечна цена од 3,97 УСД за килограм, додека IV класа од истиот вид се продава по најниска просечна цена од 2,55 УСД за килограм.




7 Видете повеќе за овој тип во Мицеска, Г., и Димитриески, М. (2018). Сортна структура како суштински фактор за одржлив развој на производството на ориентален тутун во Република Македонија и маркетинг на производство на тутун конкурентно на странските пазари. *International Journal of Agriculture Innovations and Research*, IJAIR, 3(3), 1-8.

ЕКОНОМИЈА НА ТУТУНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Приход наспроти добивка

Тутунарите во голема мера се потпираат на приходите од тутунот за обезбедување на својата егзистенција. За поголемиот дел од тутунарите (околу две третини), приходите од тутунот претставуваат голем дел од вкупните приходи на домаќинството. Всушност, за 39,7 проценти од домаќинствата кои учествуваа во истражувањето, приходот од тутун е убедливо доминантниот извор на приход (повеќе од 90 проценти од вкупните приходи на домаќинството). Ова ја поддржува идејата дека повеќето домаќинства кои произведуваат тутун се фокусирани на одгледување тутун како главен извор на нивната егзистенција. Ова можеби може да се припише на традицијата на семејствата да одгледуваат тутун, на дарежливите субвенции што ги дава владата и воспоставениот договорен пазар за тутунов лист. Ова, исто така може да сугерира дека одгледувањето на тутун се смета за попрофитабилно кај тутунарите, отколку одгледувањето на други култури.

Слика 2. Удел на приходите од тутун во вкупните приходи на домаќинствата



Удел на приходите од тутун во вкупниот приход на домаќинството


Сегашен тутунар:

"За околу 40% од домаќинствата кои произведуваат тутун, приходите од тутунот претставуваат 90-100% од вкупниот приход на домаќинството.".

Сегашните тутунари најмногу се потпираат на одгледување тутун и субвенции за тутун (што заедно сочинуваат 47,5 проценти од нивниот вкупен приход). Уделот на продажбата (приходите) од тутун во вкупните приходи на домаќинствата кај сегашните тутунари е 34,92 проценти, а учеството на субвенциите за тутун е 12,59 проценти. Дополнително, уделот на другите приходи (рента, дознаки, пензии и државна социјална помош) изнесува 31,01 проценти, што исто така значително придонесува за приходите на домаќинствата. Сепак, сегашните тутунари заработуваат помалку од поранешните тутунари

и оние кои никогаш не одгледувале тутун од извори од други култури различни од тутунот. Поранешните тутунари генерираат помал дел од приходите во земјоделието (17,58 проценти од продажбата на други култури), додека процентот на други приходи и плати е значително поголем (53,53 проценти и 25,09 проценти, соодветно), што сугерира дека поранешните тутунари имаат поголема веројатност да се потпрат на извори на приходи различни од земјоделски приходи. **Земјоделците кои никогаш не одгледувале тутун имаат најбалансиран дел од земјоделски и неземјоделски дејности кои речиси подеднакво придонесуваат во приходите на нивните домаќинства.**

Слика 3. Удел на различни извори на приходи во вкупниот приход на домаќинство, по вид на земјоделец



Во просек, поранешните тутунари генерираат многу повисоки доходи на домаќинствата од оние кои никогаш не одгледувале тутун и сегашните одгледувачи на тутун. Просечниот поранешен тутунар генерира 16.451,56 УСД годишно, додека просечниот сегашен тутунар генерира само 12.072,40 УСД годишно. Повисокиот доход на домаќинствата на поранешните тутунари може да се објасни, меѓу другите причини, со префрлање кон неземјоделски активности кои генерираат повисоки приходи од плати и други приходи (најчесто пензии и наплати). Иако земјоделците кои никогаш не одгледувале тутун остваруваат многу повисоки приходи од други култури од поранешните тутунари, нивните други остварени приходи се помали.

Табела 1. Просечен доход од различни извори, по вид на земјоделец (во УСД)

	Сегашен тутунар		Поранешен тутунар		Никогаш не одгледувал тутун	
	Добивка	Valid N	Income	Valid N	Income	Valid N
Приход од други култури	5,819.01	15	5,237.26	15	12,519.78	33
Добивка од други култури	1,290.27	63	1,057.44	48	2,600.89	88
Добивка од тутун	-279.54	336	n/a	0	n/a	0
Доход од претпријатие	n/a	0	-31,854.55	1	-22,145.45	2
Доход од плата	6,456.02	202	7,223.85	57	7,915.71	77
Друг доход	10,863.89	219	11,119.98	79	6,455.62	119
Вкупен доход на домаќинство	12,072.40	363	16,451.56	74	12,858.24	109

Трошоци (трошоци за суровини - инпути и трошоци за работна сила)

Одгледувањето на тутун подразбира високи трошоци кога станува збор за трошоци за суровини или инпути, и во однос на директни вложувања како што се ѓубрива и хемикалии, но исто така и во земјоделска работна сила, и наемна и од домаќинството. **Во согласност со истражувањата во други земји, трошоците за труд и трошоците за инпути во одгледување на тутун се обично многу високи во Северна Македонија, особено во споредба со повеќето други култури.** Ѓубривата се најчестите и едни од постојано најголемите трошоци. Скоро сите тутунари (96,72 проценти) пријавиле набавка на ѓубрива, од кои околу две третини користат неоргански ѓубрива, а една третина користат органски ѓубрива. Речиси две третини од испитаниците користат пестициди за нивните земјоделски активности.

Просечните трошоци за суровини (инпути) за одгледување на тутун се повисоки од просечните трошоци за суровини за одгледување на други култури.[8] Покрај тоа, просечните трошоци на земјоделците за суровини за одгледување на тутун и просечните трошоци на земјоделците за суровини за одгледување на други култури значително се разликуваат во различни региони. Резултатите покажуваат многу повисоки просечни трошоци за суровини за одгледување на тутун. **Тутунарите вообичаено користат значително помалку трошоци за суровини за одгледување на други култури за време на сезоната на одгледување на тутун. Ова е важно, земајќи во предвид дека многу тутунари (30%), исто така одгледуваат и други култури**.

8 Просечни трошоци за суровини (инпути) за сегашни и поранешни тутунари по региони (во УСД).

Табела 2. Просечни трошоци за суровини (инпути) за сегашни и поранешни тутунари по региони (во УСД)

		Трошоци за суровини (инпути) за одгледување на тутун	Трошоци за суровини (инпути) за одгледување други култури
	Регион	Просечни	Просечни
Сегашни	Пелагонија	337.27	109.09
	Југоисточен	545.45	600.00
Поранешни	Пелагонија	n/a	218.18
	Југоисточен	n/a	290.91

Одгледувањето на тутун е многу трудоинтензивна дејност која бара многу часови работа и напор и со тоа генерира високи неплатени трошоци за работна сила во домаќинството.

Тутунарите сносат значително повисоки трошоци за работна сила од домаќинството и за наемна работна сила бидејќи одгледувањето на тутун е повеќе трудоинтензивна дејност. Просечниот маж во домаќинството работи 1400 часа годишно на одгледување на тутун, додека просечната жена работи 1260 часа годишно. И просечните мажи и просечните жени тутунари посветуваат просечно 640 часа годишно на одгледување на други култури како дополнување на часовите потрошени за одгледување на тутун. Количината на труд што сегашните тутунари ја посветуваат за одгледување на тутунот, ја надминува количината што поранешните тутунари и оние земјоделци кои никогаш не одгледувале тутун ја посветуваат за одгледување на своите култури. Дополнително на времето потрошено за одгледување на тутун, сегашните тутунари исто така издвојуваат дополнителна третина од тоа време за нивните други култури. Релевантните студии покажуваат дека, посветувајќи толку многу часови на одгледување на тутун, многу земјоделци пропуштаат други важни економски можности - како што е платена работа или мал бизнис - за да обезбедат дополнителен приход.

Табела 3. Просечни часови работа на членовите на земјоделско домаќинство по пол, возраст и по тутун/други култури

Возраст	Сегашни				Поранешни		Никогаш	
	Тутун		Друго		Друго			
	Маж	Жена	Маж	Жена	Маж	Жена	Маж	Жена
<15	207.5	1800	8	400	90	n/a	10	n/a
15-20	1278	1260	120	150	144	750	135	112.5
21-35	1230	1152	336	396	800	700	270	600
36-60	1536	1350	808	730	900	990	1540	1500
>60	1455	1155	912	740	1200	960	1200	960
All	1400	1260	640	640	1000	900	1260	1080

Трошоците за работна сила се пресметуваат со множење на минималната саатнина за работа во сектор земјоделството (2,29 УСД за тутун и 1,65 УСД за други култури) со бројот на пријавени работни часови во домаќинството. **Опортунитетните трошоци се неплатени семејни трошоци за работна сила, што значи дека членовите на домаќинството не се платени за нивната работа.** Концептот што се следи обезбедува проценка на опортунитетниот трошок на трудот во домаќинството, пресметан со користење на вредноста на саатнина на земјоделски работник под претпоставка дека овие земјоделци би можеле, во најмала рака, да добијат работа со дневница.

Реална наспроти перцепирана добивка

Просечната перцепирана добивка[9] на сегашните тутунари по хектар тутун е повисока од перцепираната добивка од други култури. Меѓутоа, штом ќе се пресметаат опортунитетните трошоци за работната сила во домаќинствата, просечната реална добивка[10] од тутунот станува негативна. Просечната перцепирана добивка од одгледување на тутун е 7.022 УСД по хектар, додека просечната реална добивка е -988 УСД по хектар. Кога ќе се земат во предвид трошоците, реалната добивка на тутунарите од нивните други култури е повисока од реалните добивки по хектар на поранешните тутунари и на земјоделците кои никогаш не одгледувале тутун. **Просечниот сегашен тутунар одгледува други култури попрофитабилно од просечниот поранешен тутунар или оној кој никогаш не одгледувал тутун.**

Слика 4. Распределба на добивката по хектар за одгледување на тутун (во УСД)


	Тутун		Друго	
	Очекувана	Реална	Очекувана	Реална
	Просечна	Просечна	Просечна	Просечна
Current	7022.73	-987.98	2561.39	604.20
Former	n/a	n/a	4045.46	472.11
Never	n/a	n/a	5654.73	390.77
Total	7022.73	-987.98	2901.48	479.62

Околу половина од тутунарите не остваруваат реална добивка. Слика 4 ја прикажува распределбата на очекувана и реална добивка по хектар од одгледување на тутун. Сегашните тутунари постигнуваат позитивна очекувана добивка, при што само неколку домаќинства очекуваат негативна добивка. Сепак, околу половина од тутунските домаќинства всушност остваруваат негативни реални добивки.

9 Очекувана добивка се пресметува на следниов начин: (приход од продажба на тутун + субвенции за тутун) – трошоци за суровини за одгледување на тутун кои не се однесуваат на домашна работна сила, каде што директните трошоци кои не се за работна сила вклучуваат физички вложувања (како што се ѓубриво, пестициди и опрема), наемна работна сила, трошоци за маркетинг и превоз.

10 Реална добивка се пресметува со одземање на опортунитетните трошоци за работната сила во домаќинство: (приходи од продажба на тутун + субвенции за тутун) – (трошоци за суровини за одгледување на тутун кои не однесуваат на домашна работна сила + трошоци за работна сила во домаќинство).

Figure 4. Distribution of profit per hectare for tobacco farming (in USD)



Тутунска сиромаштија

Стапката на сиромаштија на национално ниво во Северна Македонија беше 21,8 проценти во 2020 година, додека коефициентот на сиромаштија, пресметан користејќи ја меѓународната стапка на сиромаштија на Светска банка од 1,90 УСД на ден беше 2,39 (и падна на 2,03 во 2022 г.). Користејќи го приход по глава на жител, стапката на сиромаштија кај тутунарите е исклучително ниска - околу 2,3 проценти, користејќи ја меѓународната линија на сиромаштија од 1,90 УСД дневно по лице и 6,5 проценти, пресметана со националната стапка на сиромаштија од 211.351 МКД (3.842,75 УСД) годишен приход за четиричлено домаќинство) - и е помала од стапката на сиромаштија на поранешните тутунари и земјоделците кои никогаш не одгледувале тутун. **Користејќи ја пореалната мерка за доход по глава на домаќинствата, стапките на сиромаштија кај сегашните тутунари драматично скокаат на 22,6 проценти и 30,6 проценти, соодветно. Оттука, кога се зема во предвид доход по глава на жител, сегашните тутунари имаат најголема инциденца на сиромаштија, а оние кои никогаш не одгледувале тутун имаат најмала инциденца на сиромаштија меѓу трите групи на земјоделци.** Ова може да сугерира дека - иако тутунарите добиваат релативно големи приходи од продажба на тутун и субвенции и од други извори (годишниот просечен приход по глава на жител е над националната линија на сиромаштија), тие исто така имаат поголеми директни и индиректни трошоци кога одгледуваат тутун. Покрај тоа, тутунот е многу трудоинтензивна култура. Откако ќе се пресметаат овие трошоци, резултатите откриваат прилично непрофитабилна култура.

Табела 5. Статус на сиромаштија на сегашни тутунари, поранешни тутунари и земјоделци кои никогаш не одгледувале тутун

Статус на сиромаштија	Меѓународна стапка на сиромаштија (1,90 УСД на ден по лице (2011 PPP)			Национална стапка на сиромаштија 211.351 МКД (3.842,75 УСД), годишен приход за четиричлено домаќинство (2019 година)		
	Сегашни	Поранешни	Никогаш	Сегашни	Поранешни	Никогаш
Сооднос измерен како број на земјоделци и според приход по глава на земјоделец (за сите земјоделци N=745)	2.30% (N=479)	4.72% (N=106)	5.00% (N=160)	6.47% (N=479)	18.81% (N=106)	13.75% (N=160)
Сооднос измерен како број на земјоделци според доход по глава на замјоделец (за сите земјоделци N=546)	22.59% (N=363)	10.81% (N=74)	12.84% (N=109)	30.58% (N=363)	31.08% (N=74)	22.02% (N=109)


Забелешка: Стапката на сиромаштија на национално ниво на сиромаштија од 211.351 денари, годишен приход за четиричлено домаќинство за 2019 година е земена од показателите за сиромаштија на Laeken во извештајот за 2019 година, издаден од Државниот завод за статистика. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=115&rbr=13505

Иако егзистенцијата на тутунарите не е толку профитабилна како што се смета, тие продолжуваат да одгледуваат тутун


Најчеста причина за продолжување на одгледување на тутун од страна на тутунарите е традицијата на одгледување на тутун (навикнат сум да одгледувам тутун) (86,5 проценти). Повеќе од 70 проценти од тутунарите исто така изјавуваат дека достапноста на соодветно земјиште и постоењето на сигурен пазар, главно преку договори со откупувачите на тутун, се важни причини за продолжување на одгледување на тутун. Дополнително, **77 отсто од тутунарите наведуваат дека доколку им се одземат субвенциите, тие би престанале да одгледуваат тутун. Оттука, овие податоци сугерираат дека главната причина зошто земјоделците одгледуваат тутун се токму субвенциите.**

За семејствата кои традиционално одгледуваат тутун, постои одредена неподготвеност да се префрлат на други култури бидејќи тоа бара ресурси, а понекогаш бара и вештини, а стимулациите што ги дава владата во однос на субвенциите и воспоставениот пазар за тутунов лист прави да очекуваат сигурен приход, дури и ако не е голем.

Слика 5. Причини на сегашните производители на тутун за одгледување на тутун



Слика 6. Ако се одземат субвенциите, дали тутунарот ќе престане да одгледува тутун?



Субвенциите за тутун ги искривуваат пазарните сигнали во производството на тутун

Владата посветува непропорционална сума на средства за субвенции за одгледување тутун.

Повеќе од една деценија, субвенциите се една од клучните мерки што ги користат сите влади во Северна Македонија, без разлика на политичката позадина, за поддршка на земјоделското производство. Субвенциите за одгледување на тутун ги поттикнуваат земјоделците да продолжат или да го зголемат производството. Уделот на субвенциите за тутун во вкупниот приход на домаќинствата на сегашните тутунари е 12,6 проценти. Во 2020 година Владата потроши 30 милиони евра за субвенции за тутун, што е четвртина од вкупните земјоделски субвенции. Постојаното зголемување на субвенциите за тутун ги мотивира тутунарите да одгледуваат повеќе тутун за да добијат повеќе субвенции, иако не се сигурни дека ќе можат да го продадат произведеното количество.


Причини зошто поранешните тутунари се префрлаат на одгледување други култури

Според податоците од истражувањето, **поранешните тутунари пријавуваат дека се префрлаат на други култури поради различни причини, наведувајќи ја ниската цена на тутунот како примарна причина, проследена со неправедно класифицирање на тутунот и постоењето на поатрактивни алтернативи.** Ова сигнализира важен потенцијал за интервенција во земјоделската политика и разгледување на можностите за алтернативни култури.

Детски труд

Детската помош при берба на тутун е 2,3 пати почеста во споредба со детската помош при берба на други култури. Децата од домаќинствата најмногу се користат за берба на тутун (28%), за пресадување на тутунов лист (27%) и расадување (26%). Владата треба да се погрижи ниту едно дете да не пропушти училиште или училишна работа поради одгледување тутун.


Слика 7. Детски земјоделски труд (<15 години возраст) во одгледување на тутун



Благосостојба на земјоделците

Сегашните тутунари, во просек, имаат најниско ниво на акумулирани домаќински и земјоделски средства, во споредба со поранешните тутунари и оние кои никогаш не одгледувале тутун. Во просек, оние кои никогаш не одгледувале тутун имаат најголема вредност на акумулиран капитал (13.339 УСД), додека сегашните тутунари имаат најниско ниво на акумулирани капитал (10.059 УСД).

Слика 8. Просечна вредност на средствата по видови меѓу сегашни, поранешни и земјоделци кои никогаш не одгледувале тутун (УСД)




	Current farmer	Former farmer	Never farmer
Household	3515	4406	5868
Livestock	2599	2126	1716
Agricultural	3945	5082	5755
Total	10059	11614	13339

Здравствен статус – Тутунска зелена болест

Симптоми на тутунска зелената болест, потенцијално разорувачка форма на акутно труење со никотин, се во корелација со активностите на одгледување на тутун. Се чини дека жените кои се дел од процесот на одгледување на тутун се поподложни на болести отколку мажите. Мажите на возраст од 36-60 години (7,2 проценти) и жените на возраст од 36-60 години (6,63 проценти) пријавиле дека имаат тешки симптоми на заболување од тутунска зелена болест кај сегашните тутунари. Најголемиот дел од лицата кои пријавиле болест во последните 30 дена е забележан кај жените поранешни тутунари постари од 60 години (21 процент) и кај поранешните тутунари на возраст од 15-20 години (21 процент). Веројатно е дека болеста предизвикува намалена продуктивност преку отсуство од работа и присуство.

Слика 9. Сегашни тутунари кои пријавуваат 1-4 главни симптоми на тутунска зелена болест



Забелешка: Симптомите вклучуваат дијареја, главоболка, повраќање, стомачна болка, вртоглавица или флуктуации во отчукувањата на срцето.

ЗАКЛУЧОЦИ

Одгледувањето на тутун не е толку профитабилно како што сугерира владата. Истакнувањето на тутунот како високопрофитабилна култура е неоснована. Резултатите од ова истражување покажуваат дека би било многу подобро за тутунарите, во однос на работната и економската ефикасност, да се преориентираат и да одгледуваат друга култура или да се занимаваат со други економски активности во нивната локална економија (како што е работа за плата или основање на мал бизнис).

Околу половина од тутунарите не остваруваат реален профит. Опортунитетниот трошок за неплатен семеен труд го прави одгледувањето на тутун неисплатливо. Приходите на тутунарите значително се намалуваат кога ќе се пресметаат опортунитетните трошоци. Членовите на домаќинството би можеле подобро да го насочат својот труд на други економски задачи кои носат повисока заработка; ако не се пренасочат, тутунските семејства ќе имаат значителна економска загуба.

Стапката на сиромаштија кај тутунарите е малку повисока од националната стапка на сиромаштија. Сегашните тутунари имаат највисока инциденца на сиромаштија кога се зема во предвид доход по глава на жител. И покрај високата стапка на сиромаштија, само мал дел од тутунарите користат некаква социјална помош.

Трошоци за суровини (инпути) за одгледување на тутун вообичаено се многу високи, особено во споредба со повеќето други култури.

ПРЕПОРАКИ

Префрлувањето на други култури веројатно ќе резултира со подобра егзистенција за многу земјоделци - тутунари. Владата треба да креира сеопфатни политики засновани на докази за да ги поттикне земјоделците да се префрлат од одгледувањето тутун. Владата мора да идентификува потенцијални култури и неопходни услови и активности (како што се зачувување на почвата и наводнување) така што префрлањето од тутунот ќе биде атрактивна и остварлива опција за сегашните тутунари.

Земјоделските субвенции мора да бидат насочени кон долгорочните инвестиции во земјоделството што пошироко придонесува за зголемување на продуктивноста и ефикасноста. Владата треба да се стреми кон зголемување на домашното земјоделско производство, особено на пченица, пченка и јачмен, но и на други земјоделски производи кои ќе ги зголемат домашните капацитети за обезбедување на храна. Светскиот извозен пазар за прехранбени култури, исто така, изгледа многу ветувачки, со висока побарувачка и прогнози за недоволна понуда во догледна иднина.

Владата треба да создаде едукативни програми кои ќе им помогнат на земјоделците да научат да одгледуваат алтернативни култури кои носат повисоки приходи и кои одговараат на локалните услови. Едукативната програма треба да ги информира земјоделците за можниот пристап до заеми и да им помогне да стекнат вештини и пристап до нова, напредна земјоделска технологија која ќе го зголеми квалитетот и квантитетот на културите што ги одгледуваат. Дополнително, владата треба да ги едуцира земјоделците за опортунитетните трошоци поврзани со одгледувањето на различни култури. Многу тутунари не се свесни колку време посветуваат на одгледувањето на сопствените култури.

Владата може да воспостави финансиски и нефинансиски стимулации за да го поттикне одгледувањето на други култури. На пример, ова може да се направи со зголемување на програми за кредити со ниски каматни стапки и со распределба на државно земјоделско земјиште. **За да се подобри продуктивноста на алтернативните земјоделски активности, владата треба да ги зголеми своите инвестиции во подобрување на квалитетот на почвата и подобрување на системите за наводнување за да се зголеми земјоделското производство.** Целта е да се зголеми обработливото земјиште за други стратешки култури. На овој начин ќе се зголеми вкупното годишно домашно производство на стратешки култури во земјава и ќе се намали зависноста од увоз на овие култури.

Поврзувањето на земјоделците со фабриките за преработка за да се воспостават долгорочни односи за одгледување на други култури, ќе им помогне на земјоделците да се префрлат кон други култури и да создадат просперитет и сигурност за нивните семејства. Овие односи ќе им овозможат на земјоделците пристап до достапните пазари, што се наведува како една од главните причини зошто тутунарите продолжуваат да одгледуваат тутун.

Признанија

Аналитика работи во соработка со Универзитетот Илиноис од Чикаго (UIC) Институт за здравствено истражување и политики, со цел спроведување на економски истражувања за одаочување на тутун во Северна Македонија. UIC е партнер на иницијативата Блумберг за намалување на употребата на тутун. Ставовите изразени во овој документ не може да се припишат, ниту пак ги претставуваат ставовите на UIC, Институтот за здравствени истражувања и политики или Bloomberg Philanthropies.

Авторите на овој документ за политики се благодарни на тимот на UIC, особено на Dr. Jeffrey Drope и Ms. Qing Li за нивната вредна поддршка.

Овој документ за политики е подготвен од истражувачите на тинк тенк Аналитика тинк тенк од Северна Македонија. Автори се: Спасова Мијовиќ, Т, Христовска Мијовиќ, Б., Трпкова-Несторовска, М., Ташевска, Б., Треновски, Б., и Кожески, К.

